**З А П И С Н И К**
**од Петнаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 18.7.2017 година**

**Скопје, јули 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Петнаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 18.7.2017 година**

Седницата започна во 14:40 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија, Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија и секретарот на Општина Чаир.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и Мила Царовска, министер за труд и социјална политика.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Дванаесеттата седница на Владата, одржана на 4.7.2017 година

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Барање за одобрување на непредвидени работи - Изградба на спомен обележје - плоштад Скендербег и Барање за одобрување на вишок количини на објектот Надземен пешачки премин, со Дополнителна информација за обезбедување на дополнителни средства со ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, како и потребни средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за плоштад Скендербег

### б) економски систем и тековна економска политика

2. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за надворешна трговија и економски односи на Босна и Херцеговина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија за соработка во областа на земјоделството и руралниот развој, со усогласен текст на Меморандум

3. Информација во врска со донесување на Третиот акционен план за енергетска ефикасност, со Предлог – акциски план

4. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Филип - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

5. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Тивериопол – Струмица, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

6. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Конгресен центар-Охрид, со Предлог-решение

7. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Златен прстен – Охрид, со Предлог-решение

8. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Амбасадор – Скопје, со Предлог-решение

9. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Бел Камен - Радовиш, со Предлог-решение

10. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аристократ Фиш ресторан - Скопје, со Предлог - решение

11. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Монтенегро - Велес, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

12. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Сквер - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

13. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Сенигаллиа - Скопје, со Предлог-решение

**в) политички систем**

14. Информација за текот на постапката и можноста за пријателско решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) - Зенделска против Република Македонија (А.бр. 60417/14)

15. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, со Нацрт-текст на Договор

16. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи, со усогласен текст на Договор

17. Информација за тековни и идни активности кои треба да бидат преземени во врска со отворањето на Заедничкиот нов граничен премин наменет за меѓународен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце - Станчиќ“ и Информација за статус на стратешкиот проект „Изградба на заеднички објект за пограничните органи на новиот граничен премин Белановце – Станчиќ“, ИПА Програма за прекугранична соработка 2013 помеѓу Република Македонија и Република Косово “

18. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот март - април 2017 година

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

19. Информација за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - Детска градинка „Бушава азбука-кидс“, во Скопје, со Предлог- одлука

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

20. Предлог – одлука за укинување на царинската стапка за други производи од кожа или од вештачка кожа

21. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

22. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

23. Предлог-закон за изменување на Законот за работните односи, поднесен од пратениците Нола Исмајлоска-Старова и Магдалена Манаскова

24. Предлог-закон за докторска дејност, поднесен од група пратеници

25. Предлог – закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, поднесен од група пратеници

26. Предлог-закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поднесен од група пратеници

27. Предлог-закон за изменување на Законот за јавното обвинителство, поднесен од група пратеници

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, поднесен од група пратеници

29. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2016 година

30. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација за 2016 година

31. Годишен извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година

32. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2016 година

33. Годишен извештај на Агенцијата за супервизија на осигурување за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Македонија во 2016 година

34. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2016 година

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

35. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.64/2016 донесено на седницата одржана на 25 мај 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 30 став 1 во делот „Агенција за државни службеници" и член 48 точка 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр.90/2009, 188/2013 и 192/2015)

36. Иницијатива поднесена од адвокат Александар Петковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.41/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 129 став 1 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012).

37. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на дел од градежно земјиште запишано во Имотен лист бр.1274 за КО Злокуќани, КП 458, во место викано Село

38. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот-2546/5082 од градежно земјиште, запишано во Имотен лист бр.93722 за КО Чаир на КП1304 м.в Чаир

39. Понудата од нотар Ристо Самарџиев за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.17613 и Имотен лист бр.316 за КО Кавадарци 2 на КП 11508

40. Понуда од нотар Иво Серафимоски од Тетово за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.8201 за КО Тетово 1 на КП 2533, место викано Јане Сандански

41. Понуда од нотар Ирфан Јонузоски за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.958703 за КО Чаир на КП 4570/2

42. Понуда од нотар Махир Зибери за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.1023 за КО Г и Д Оризари на КП 326 викано место/улица Село

43. Понуда од Нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот, на КП бр.2456 дел 1 под Имотен лист 1122 за КО Волково

44. Понуда од нотар Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.4800 за КО Бутел на КП 1119

45. Известување од извршител Биљана Мартиновска за усна јавна продажба на недвижност под И бр.123/17 од 04.05.2017 година

46. Известување од извршител Антончо Коштанов за втора усна јавна продажба под Имотен лист бр.168/15

47. Понуда од нотар Муамет Шеху за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.955 за КО Ракотинци на КП 1952, место викано Стара Река

48. Понуда од нотар Ленче Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.10755 за КО Караорман на КП 1201/2

49. Понуда од нотар Горан Манев од Делчево за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.942 за КО Разловци на КП 6951 викано место Рогатица

50. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.5718 за КО Злокуќани на КП 506 викано место Бучало

51. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.51637 за КО Кисела Вода 2 на КП 1565

52. Понуда од нотар Прпарим Реџепи од Гостивар за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.2669 за КО Гостивар 1 на КП 2316

53. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.10643 и Имотен лист бр.10644 за КО Илинден на КП 1215 викано место/улица Ограда

54. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.3485 за КО Илинден на КП 1551 викано место/улица Трница

55. Понуда од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.407 за КО Берово на КП 1824 викано место Керамидарка,

56. Известување од извршител Слободанка Балгурова за Заклучок за усна јавна продажба под И бр.118/13

57. Известување од Извршител Игор Ромевски за налог за извршување на недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) под И.бр.51/17

**д) други предлози**

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

60. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2016 година

61. Информација за актуелната состојба со депонијата во Општина Струга

62. Информација за прогрес за реализација на проектот „Консолидација на земјоделското земјиште" за вториот квартал од 2017 година

63. Информација за прогрес за реализација на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото"

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

64. Информација за настанатиот неповолен климатски настан – пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и град и причинети штети на земјоделски култури на 15 јули 2017 година во Радовишко-Струмичкиот Регион

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дванаесеттата седница на Владата, одржана на 4.7.2017 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за одобрување на непредвидени работи - Изградба на спомен обележје - плоштад Скендербег и Барањето за одобрување на вишок количини на објектот Надземен пешачки премин, со Дополнителна информација за обезбедување на дополнителни средства со ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, како и потребни средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за плоштад Скендербег, поради потребата претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев да одржи координативна работна средба со градоначалникот на Општина Чаир, Изет Меџити, Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа, со цел дополнителни усогласувања во врска со ова прашање.

Предметниот материјал повторно да се разгледа на наредната редовна седница на Владата.

**Точка 2**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за надворешна трговија и економски односи на Босна и Херцеговина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија за соработка во областа на земјоделството и руралниот развој, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за надворешна трговија и економски односи на Босна и Херцеговина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија за соработка во областа на земјоделството и руралниот развој.

2. Го овласти Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за надворешна трговија и економски односи на Босна и Херцеговина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија за соработка во областа на земјоделството и руралниот развој.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Третиот акциски план за енергетска ефикасност, со Предлог – акциски план, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Третиот акциски план за енергетска ефикасност на Република Македонија, за периодот од 2016 до 2018 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Филип - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Филип – Охрид.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Филип - Охрид со седиште нас. Долно Коњско бб Охрид - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Тивериопол – Струмица, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Тивериопол – Струмица.

2. Го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (хотел Тивериопол Струмица, со седиште на ул. Братство Единство бр.20 Струмица - хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Конгресен центар-Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Конгресен центар-Охрид, со седиште во населба Долно Коњско Охрид, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Златен прстен – Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Златен прстен – Охрид, со седиште на ул. Наум Охридски бр. 56 с.Пештани, Охрид, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Амбасадор – Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (хотел Амбасадор, со седиште на ул. Пиринска бр. 38 Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Бел камен - Радовиш, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (хотел Бел камен Радовиш, со седиште с. Козбунар планина Плачковица Радовиш - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аристократ фиш ресторан - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Аристократ фиш ресторан - Скопје, со седиште на ул.Елисие Поповски – Марко бр.59, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Монтенегро - Велес, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Сквер - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Сенигаллиа - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сенигаллиа со седиште на ул. Кеј 13 Ноември бр.5 Скопје, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на постапката и можноста за пријателско решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) - Зенделска против Република Македонија (А.бр. 60417/14) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) - Зенделска против Република Македонија (А.бр. 60417/14).

2. Се овластува владиниот агент на Република Македонија во постапувањето пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) за целите на решавање на спорот по пат на пријателска спогодба да го прифати следниот износ: 3.700 евра за жалителката Вера Зенделска.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, со Нацрт-текст на Договор и притоа ги донесе со следните заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, како основа за водење на преговори.

3. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за

водење преговори за склучување на Договорот за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Македонија да го парафира текстот на Договорот за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, на Владата на Република Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

**Точка 16**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи.

2. Се определува министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи.

**Точка 17**

Владата по Информацијата за тековни и идни активности кои треба да бидат преземени во врска со отворањето на Заедничкиот нов граничен премин наменет за меѓународен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце - Станчиќ“ и Информацијата за статус на стратешкиот проект „Изградба на заеднички објект за пограничните органи на новиот граничен премин Белановце – Станчиќ“, ИПА Програма за прекугранична соработка 2013 помеѓу Република Македонија и Република Косово “, заклучи:

1. Го усвои новиот текст на Информацијата за тековни и идни активности кои треба да бидат преземени во врска со отворањето на Заедничкиот нов граничен премин наменет за меѓународен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце - Станчиќ“.

2. Се задолжува Агенцијата за планирање на просторот до крајот на јули 2017 година, да изработи архитектонско - урбанистички проект за објектот кој треба да биде изграден на новиот граничен премин наменет за меѓународен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце –Станчиќ“.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски најдоцна до 20 јули 2017 година, да достави до Владата Предлог – програма за измена на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2017 година и да склучи со Агенцијата за планирање на просторот протокол за архитектонско - урбанистички проект за ГП 1.01. од урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес со основна класа на намена Е-2 (комунална супраструктура) Граничен премин „Белановце-Станчиќ“, КО Злокуќане, Општина Липково.

4. Се задолжува Царинската управа за наредната седница на Владата да достави информација за начинот на поднесување на барањето за добивање на одобрение за градба на дел од заедничкиот објект кој треба да биде изграден на овој граничен премин, на македонската територија.

5. Се задолжува Царинската управа по објавувањето од страна на Агенцијата за планирање на просторот на одобрениот плански опфат за граничниот премин „Белановце – Станчиќ" веднаш да ја отпочне постапката за експропријација на пренаменетото шумско земјиште опфатено во планскиот опфат.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски за наредната седница на Владата, имајќи ги предвид одредбите на Законот за градба, да достави предлог - решение согласно законските прописи во однос на издавањето на одобрение за градење на објект на заеднички граничен премин кој се наоѓа на територија на две држави и не претставува функционална целина.

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски надоцна до 20 јули 2017 година да ја информира Комисијата за гранични премини на Република Македонија со соседните држави околу можните импликации по однос на проектот, од укинувањето на членот 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање кој се однесува на објекти од посебен интерес за државата.

8. Се задолжува Комисијата за гранични премини на Република Македонија со соседните држави, за седницата на Владата во првата недела на август 2017 година да достави информација за прогресот на активностите.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство, да одржат работен состанок со цел да се дефинираат објектите од посебен интерес, со посебна номенклатура и тоа да биде принципиелно поставено, врз основа на утврдени критериуми.

Исто така, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи да ја утврди функционалноста на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со соседните држави и за истото да ја информира Владата.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот март - април 2017 година (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Комисијата за станбени прашања, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности и Агенцијата за иселеништво на Република Македонија, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Македонија во текот на март и април 2017 година, по кои се уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за правда – Управа за извршување на санкции, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација, а се укажува на Центрите за социјална работа во рок од 15 дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Македонија по кои се уште не постапиле подолго од два месеци и за тоа во рок од пет

дена да ги известат Народниот правобранител на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија за мај и јуни 2017 година, во рок од пет дена да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - Детска градинка „Бушава азбука-кидс", во Скопје, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца -Детска градинка „Бушава азбука - кидс" во Скопје (најнов текст) , во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка – царинската стапка за други производи од кожа или од вештачка кожа (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да достави усогласено мислење.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го симна од Дневен ред Предлог – законот за изменување на Законот за работните односи, поднесен од пратениците Нола Исмајлоска-Старова и Магдалена Манаскова.

**Точка 24**

Владата го симна од Дневен ред Предлог - законот за докторска дејност, поднесен од група пратеници.

**Точка 25**

Владата го симна од Дневен ред Предлог – законот за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, поднесен од група пратеници.

**Точка 26**

Владата го симна од Дневен ред Предлог - законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поднесен од група пратеници.

**Точка 27**

Владата го симна од дневен ред Предлог-законот за изменување на Законот за јавното обвинителство, поднесен од група пратеници.

**Точка 28**

Владата го симна од Дневен ред Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, поднесен од група пратеници.

**Точка 29**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2016 година и притоа го утврди следното мислење:

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, согласно член 54 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување има обврска најдоцна до 30 јуни во тековната година да доставува извештај за работењето на Агенцијата за претходната година, на усвојување од страна на Собранието на Република Македонија.

Во текот на 2016 година, Советот на експерти на Агенцијата во рамките на своите законски обврски го усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата во 2015 година и Годишниот извештај за состојбите во капитално финансирано пензиско осигурување во 2015 година. Се разгледуваа повеќе квартални и полугодишни извештаи за реализација на годишниот план за јавни набавки, извештаите за теренска контрола. Советот, во текот на 2016 година донесе седум правилници за примена на законите од областа на капитално финансирано пензиско осигурување.

Според Извештајот на Агенцијата за 2016 година, бројот на членовите во приватните задолжителни пензиски фондови (втор столб) во однос на 2015 година е зголемен за 21.737 члена или за 5,4%, а во приватните доброволни пензиски фондови (трет столб) за 1.245 члена или за 5,7%. Вкупниот број на членовите во приватните задолжителни пензиски фондови (втор столб) изнесува 427.025 члена а во доброволните пензиски фондови 22.989 членови. Истовремено, во декември 2016 година вкупната вредност на средствата во сите пензиски фондови (задолжителни и доброволни) изнесува 798 милиони евра што претставува зголемување за 137 милиони евра или за 20,7% во однос на претходната година.

Работењето на Агенцијата се финансира од надоместоците кои ги наплатува од пензиските друштва и во текот на 2016 година Агенцијата го наплатува законски утврдениот максимум од 0,8% од уплатените придонеси во сите пензиски фондови со кои управуваат пензиските друштва. Висината на надоместокот е утврден врз основа на анализа за потребните расходи и приходи за финансирање на Агенцијата.

Во 2016 година Агенцијата вршеше континуирана теренска и вонтеренска контрола на работењето на друштвата, како и редовни теренски контроли, согласно нејзините законски надлежности. По спроведените вонтеренски и теренски контроли на работењето на двете друштва, Агенцијата поднесе три препораки до чуварот на имот за подобрување на работењето и ублажување на ризиците кои се однесуваат на зајакнување на интерните процедури и издаде 24 укажувања и 31 препорака на двете пензиски друштва. Истовремено, Комитетот за оценка на ризици при Агенцијата одржал три состаноци на кои се разгледани планот за спроведување на теренска контрола во 2016 година, записници од теренски контроли и анализи на ризици во

капитално финансирано пензиско осигурување. Исто така, овој Комитет ги разгледал извештаите за финансиско работење на пензиските друштва, состојбата со уплата на придонес од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и др.

Извештајот содржи активности поврзани со развивање на свеста за целите и принципите на капиталното финансирано пензиско осигурување и правата на членовите коишто се преземени самостојно и во соработка со Министерството за труд и социјална политика, пензиските друштва и други регулаторни тела од областа на финансиското работење.

Извештајот содржи активности насочени кон развивање на деловните процеси на Агенцијата, подобрување на информатичкиот капацитет, соработка со други институции и регулаторни тела од земјата и странство и друго.

Владата на Република Македонија има забелешка по однос на точка 3 од Извештајот којшто се однесува на постапувања поврзани со правата на членовите, претставки и предлози и смета дека овој дел треба да се дополни со претставките доставени од Народниот правобранител на Република Македонија, а коишто се однесуваат на определена категорија на членови кои имаат остварена пензија од двата столба во понизок износ отколку да останеле членови само во првиот пензиски столб. Агенцијата во извештајната година соработуваше со Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и двете пензиски друштва со цел изнаоѓање на решение за утврдување на оваа состојба и предлагање мерки за надминување на истата. Имајќи предвид дека основната функција на Агенцијата е заштита на интересите на членовите во вториот пензиски столб, се смета дека ова прашање во Извештајот треба да се опфати подетално.

Владата на Република Македонија нема други забелешки по Извештајот.

**<u>Точка 30</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација за 2016 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај на Комисијата за заштита од дискриминација се доставува согласно член 24, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Согласно истиот, Буџетот на Комисијата за 2016 година изнесувал 5.032.000 денари, а неговата реализација на крајот од годината 4.478.889 денари.

Годишниот извештај на Комисијата за заштита од дискриминација не содржи доволно информации и не го прикажува доволно и во целост работењето на Комисијата за заштита од дискриминација во 2016 година. Имено, дадена е бројка во проценти на поднесени претставки само по одредени основи и области, но не и по сите. Исто така, не се приложени статистики за поднесени претставки одделно за секоја област и по кој основ се поднесени (на пример: во областа на работни односи, која е предвидена во Законот за спречување и заштита од дискриминација колку претставки се поднесени по етничка основа во оваа област, колку се по основ на пол и по останатите основи).

Имено, овој извештај како годишен извештај за работењето на една важна институција во Република Македонија, кој треба да ги содржи сите податоци за состојбата на дискриминација во државата, дава половични и нецелосни информации. Годишниот извештај има потреба да се доработи и да се дополни со детална статистика за поднесени претставки по сите области и по сите основи.

Бројот на 60 поставени преставки е се уште многу мал и Владата смета дека ова може да се промени преку зајакнување на улогата на Комисијата за заштита од дискриминација и преку подигање на јавната свест за улогата на истата. Доекипирање на Комисијата треба да се случи во најкраток рок.

Во однос на претставките по однос на етничка припадност, Комисијата треба да биде поактивна во нивното следење во понатамошната постапка и ако има потреба да се обрати до Владата за помош во случај на недостиг на човечки ресурси или други потреби. Според анализите, бројот на претставки според овој основ е многу мал и треба да се преземат конкретни мерки во соработка со сите релевантни фактори во земјата.

Во својот извештај Комисијата дава информација дека од 80 издадени мислења утврдиле дискриминација само во седум случаи и притоа не наведува детално зошто во остатокот, односно во останатите 73 предмети постапиле поинаку, иако наведува дека дискриминацијата е сеуште високо присутна во општеството во Република Македонија (на страна 4), сепак Комисијата како стручен орган за утврдување на дискриминација истата ја утврдила само во седум случаи од вкупно 80 доставени претставки.

Во Извештајот се дава информација дека е позитивно што одредени дискриминатори покажале подготвеност да ја отстранат повредата, но притоа не дава информација колку од нив ја отстраниле повредата, а колку не ја отстраниле и дали Комисијата ги следи случаите откако ќе ја даде препораката.

Исто така, Комсијата во својот извештај не дава информација за своето работење по член 32 и член 33 од Законот, односно не дава информација за извршени увиди од страна на Комисијата и за соработката на Комисијата за заштита од дискриминација со Народниот правобранител на Република Македонија.

Владата смета дека Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита од дискриминација не е целосен и истиот има потреба да се дополни со статистички и други податоци и да дава целосен и јасен приказ за утврдената состојба со дискриминацијата во Република Македонија во 2016 година.

Исто така, од формално правен аспект се укажува дека во делот „Предизвици за 2017 година" од предметниот извештај, ќе треба наместо „2016" да се наведе „2017“ година.

Вака доставен, Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита од дискриминација не е релевантен во однос на улогата на Комисијата и нејзината примарна функција за заштита.

**<u>Точка 31</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година, Извештајот за отворениот финансиски резултат на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година и Финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2016 година, со Извештај на независниот ревизор и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 13 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за претходната година, проследен со финансиско – сметководствени извештаи изработени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Управниот одбор на Агенцијата ги усвојува најдоцна до 25 февруари секоја година, а според став (5) од овој член Извештајот од независен ревизор се доставува до Управниот одбор на Агенцијата најдоцна до 1 јуни секоја година.

Според став (6) од истиот член, Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата го доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 30 јуни заедно со Извештајот од независен ревизор.

Согласно доставениот Извештај, во 2016 година Агенцијата за цивилно воздухопловство остварила вкупни приходи во износ од 148.565.552 денари и вкупни расходи во износ од 155.289.987 денари, односно остварила загуба пред оданочување од 6.724.434 денари. Во однос на претходната година приходите бележат намалување од 4.8%, додека расходите бележат пораст од 14,5%.

Освен во однос на минатата година, отстапување во реализацијата на приходите постои и од планот за 2016 година, каде вкупната реализација на приходите изнесува 88,2 %. Од друга страна пак, расходите по основ на дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци и расходите за репрезентација бележат пораст од 52,5% и 40,5% соодветно.

Се укажува дека во однос на Извештајот за остварениот финансиски резултат на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година, на страна 9 од истиот, точка 1.2 Биланс на успехот, износите на вкупните приходи за 2016 и 2015 година дадени во табеларниот приказ на остварени вкупни приходи за 2016 година, како и споредбени износи со 2015 година, не кореспондираат со наведените износи во текстуалното објаснување на табелата.

Исто така, се укажува дека не е јасно зошто во дел од наводите на Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година, се упатува на активности реализирани во 2015 година, покрај тоа што предметниот извештај се однесува на активности реализирани во 2016 година согласно Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година.

Врз основа на претходно наведеното, се смета дека Агенцијата за цивилно воздухопловство треба да постапи согласно горенаведените укажувања и да достави соодветно објаснување.

Согласно Извештајот на независниот ревизор, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за цивилно воздухопловство Скопје заклучно со 31.12.2016 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината која завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

Со оглед на прикажаниот негативен финансиски резултат при реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година, Владата на Република Македонија дава негативно мислење по однос на доставениот Извештај.

**Точка 32**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 18.7.2017 година го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2016 година е подготвен согласно член 158-п од Законот за супервизија на осигурување, според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Македонија на усвојување.

Во Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2016 година, презентирани се активностите на Агенцијата за супервизија на осигурување поврзани со донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од донесените измени и дополнувања на Законот за супервизија на осигурување, лиценцирањето и супервизијата на субјектите на осигурителниот сектор, заштита на потрошувачите и финансиска едукација.

Агенцијата за супервизија на осигурување спроведува супервизија на осигурителните субјекти преку перманентна вонтеренска супервизија со прибирање и анализирање на доставените извештаи и информации и преку теренска (целосна или делумна) супервизија. Согласно Извештајот, во текот на 2016 година, Агенцијата за супервизија на осигурување има спроведено 14 делумни и една вонредна теренска супервизија кај друштвата за осигурување, една теренска супервизија кај осигурително брокерско друштво, една теренска супервизија на друштво за застапување, како и една теренска супервизија кај правни лица, субјекти. Врз основа на теренските супервизии, Агенцијата има издадено 63 наредби за отстранување на незаконитости. Врз основа на вонтеренската супервизија, Агенцијата за супервизија на осигурување има изречено две наредби за отстранување на незаконитости.

Согласно Извештајот, Агенцијата за супервизија на осигурување и во 2016 година одлучува по барања за издавање или одземање на дозволи, давање или повлекување на согласности и други прашања. Во доменот на лиценцирањето, во 2016 година Агенцијата има издадено три дозволи за основање на осигурително брокерски друштва, една дозвола за основање на друштво за застапување, две дозволи за воведување нова класа на осигурување, една дозвола за овластен актуар, 20 согласности за вршење функција член на орган на управување, 10 согласности за измена на Статут и други согласности. Исто така, Агенцијата во 2016 година има издадено 150 лиценци за застапници во осигурувањето и 33 лиценци за осигурителни брокери.

Еден од главните приоритети на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2016 година е продолжување на интензивната соработка со домашните регулаторни органи и други надлежни институции, како и со супервизорски тела и институции од странство. За таа цел во 2016 година потпишани се два меморандуми за соработка со домашни институции и реализирани се голем број на посети на регулаторни тела за осигурување. Во насока на континуирана едукација и стручно усовршување, вработените во Агенцијата за супервизија на осигурување учествувале на бројни семинари, работилници и конференции.

Со цел постигнување високо ниво на заштита на потрошувачите, во текот на 2016 година, Агенцијата за супервизија на осигурување ги продолжила активностите за едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни продукти на осигурување.

Имајќи предвид дека Агенцијата за супервизија на осигурување во 2016 година ги извршувала своите активности во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на осигурителниот сектор, Владата на Република Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2016 година.

**<u>Точка 33</u>**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 18.7.2017 година, го разгледа Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Македонија во 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Македонија во 2016 година е изготвен согласно член 158-о од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015 и 23/2016), според кој, до 30 јуни во тековната година Агенцијата за супервизија на осигурување поднесува годишен извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар за претходната деловна година до Собранието на Република Македонија.

Согласно Извештајот, во 2016 година на пазарот на осигурување во Република Македонија активно работат 15 друштва за осигурување, од кои 11 друштва за неживотно осигурување и 4 друштва на животно осигурување. До крајот на 2016 година вкупниот број на осигурителни брокерски друштва изнесува 33, а бројот на друштвата за застапување во осигурувањето изнесува 14. Бројот на банки кои вршат застапување во осигурување е 3 и истиот е непроменет во однос на 2015 година.

Бруто полисираната премија остварена во 2016 година е во износ од 8,72 милјарди денари што претставува пораст од 5,34% во однос на 2015 година. Порастот е присутен кај двете групи на осигурување, со тоа што во групата на неживотно осигурување е остварена бруто полисирана премија во износ од 7,43 милјарда денари, односно пораст од 3,5% во однос на истиот период од претходната година. Во групата на осигурување на живот, остварена е бруто полисирана премија во износ од 1,29 милијарди денари што претставува пораст од 17,32% во однос на 2015 година.

Во текот на 2016 година осигурителниот сектор остварил добивка по оданочување во износ од 474,62 милиони денари.

Заклучно со 31.12.2016 година, друштвата за осигурување располагаат со средства во износ од 18,48 милијарди денари, што е пораст од 5,23% во однос на претходната година. Вкупниот пресметан капитал на друштвата бележи раст од 1,17% или 5,55 милијарди денари, во споредба со 2015 година, додека маргината на солвентност изнесува 1,34 милијарди денари. Капиталот на осигурителниот сектор е 4,1 пати над нивото на маргината на солвентност, што претставува индикатор за стабилен осигурителен сектор.

По Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Македонија во 2016 година, Владата на Република Македонија нема забелешки.

**Точка 34**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 18.7.2017 година, ги разгледа Ревидираните финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2016 година и притоа го утврди следново мислење:
Финансиските извештаи се подготвени согласно член 158-ѓ од Законот за супервизија на осигурување, според кој Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор.

Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2016 година се изготвени согласно Законот за сметководство на непрофитни организации и се ревидирани од независниот ревизор ТП Ревизија Чулева.

Билансот на приходи и расходи ја отсликува состојбата на приходите и расходите на Агенцијата според нивниот обем и структура. Во 2016 година Агенцијата остварила приходи од работење во износ од 71,8 милиони денари (за 7,6% повеќе во однос на 2015 година) и расходи во износ од 110,7 милиони денари (за 38,8% повеќе во однос на 2015 година). Агенцијата во 2016 година остварила загуба од оперативно работење во износ од 38,8 милиони денари, која е за три пати повисока од загубата остварена во 2015 година кога изнесувала 13,0 милиони денари.

Во вкупните приходи од работењето најголемо е учеството на приходите од надоместоци кои изнесуваат 67,1 милиони денари и се за 6,0% повисоки во однос на 2015 година. Во вкупните расходи на Агенцијата за 2016 година, највисоко е учеството на расходите за капитални и други средства кои изнесуваат 51,8 милиони денари, кои се за 78% повисоки во однос на 2015 година кога изнесувале 29,1 милиони денари. Најзначајно зголемување од 22.224% има кај расходната ставка Финансиски расходи која во 2016 година изнесувала 7,4 милиони денари, а во 2015 година 0,033 милиони денари. Ваквото зголемување е резултат на трошоците за отплата на кредитот искористен за изградба на деловниот објект на Агенцијата. Другите расходи од оперативно работење на Агенцијата се на исто ниво како и во 2015 година.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за 2016 година, ја прикажуваат реално во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата.

По однос на Ревидираните финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2016 година, Владата на Република Македонија нема забелешки.

**Точка 35**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.64/2016 донесено на седницата, одржана на 25 мај 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 30 став 1 во делот „Агенција за државни службеници“ и член 48 точка 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“, бр.90/2009, 188/2013 и 192/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Со Решение У.бр 64/2016 од Уставниот суд на Република Македонија се поведува постапка за оценување на уставноста на член 30 став 1 во делот „Агенција за државни службеници“ и член 48 алинеја 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015).

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Макеоднија е владеењето на правото.

Во член 30 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/2009, 12/2011, 188/2013 и 192/2015) е утврдено дека Единица за внатрешна ревизија задолжително се основа во: Собранието на Република Македонија, Народната Банка на Република Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, министерствата, Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Агенцијата за државни службеници.

Согласно член 48 точка 5 од истиот закон, Централната единица за хармонизација е надлежна за изготвување одобрение за прераспоредување или отпуштање на внатрешните ревизори од член 33 став (7) на овој закон.

Со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12/2011) се укинуваат член 30 став 4, член 33 став 7 и член 54 точка 2 од

Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015).

Според член 7 ставови (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“, бр.167/2010) Агенцијата за администрација е самостоен државен орган со својство на правно лице. Агенцијата за својата работа поднесува годишен извештај на усвојување до Собранието на Република Македонија, најдоцна до крајот на првото тримесечје на тековната, за претходната година, Според став (3) од овој член Агенцијата ги врши следните работи:
- дава писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите од член 3 став (2) на овој закон,
- организира и спроведува постапка за селекција и вработување на државен службеник,
- одлучува по жалби и приговори на државните службеници, како второстепен орган и
- врши и други работи утврдени со закон.

Во член 52 од претходно наведениот закон е утврдено дека со денот на започнување на примената на овој закон: Агенцијата за државни службеници продолжува да работи како Агенција за администрација и вработените во Агенцијата за државни службеници кои ги вршат работите кои согласно со овој закон се во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација, како и опремата, документацијата и другите средства кои се однесуваат на вршењето на овие работи се преземаат во Министерството за информатичко општество и администрација.

Според член 103 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, бр. 27/2014), Агенцијата за администрација со денот на започнувањето со примена на овој закон, продолжува да работи согласно со надлежностите утврдени со овој закон.

Според став (2) од истиот член, директорот и заменикот на директорот на Агенцијата за администрација, со денот на започнувањето со примената на овој закон, ја извршуваат својата функција се до денот на истекување на нивниот мандат, согласно со Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012, 15/2013, 82/2013 и 106/2013).

Согласно член 112 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, бр. 27/2014), со денот на започнувањето со примената на овој закон престануваат да важат Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012, 15/2013, 82/2013 и 106/2013) и Законот за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија“, бр. 52/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012, 15/2013, 82/2013 и 106/2013).

Исто така, согласно член 113 од истиот Закон, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува една година од денот на влегување во сила.

Во доставеното Решение се оспоруваат член 30 став 1 и член 48 точка 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015) во смисла дека оспорените одредби се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија. Имено, во Решението е наведено дека Агенцијата за државни службеници е основана согласно Законот за државни службеници кој престанал да важи со влегувањето во сила на Законот за административни службеници, при што

е наведено дека правниот субјективитет на Агенцијата за државни службеници престанал да постои, а од Законот за административни службеници не произлегувало дека Агенцијата за државни службеници продолжува со своето работење и постоење под името „Агеницијa за државни службеници“.

Оттука, имајќи ги предвид одредбите на член 48 точка 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, се смета дека оспорените одредби не се противуставни, односно со истите не се нарушуваат темелните вредности за владеење на правото, туку се работи за потреба од доусогласување со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12/2011) со која меѓудругото се укинува и член 33 став 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015). Во оваа смисла со оглед дека согласно претходно цитираната Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, одредбите со кои било утврдено дека прераспоредувањето или отпуштањето на раководителот на единицата за внатрешна ревизија или внатрешните ревизори се реализираат по добивањето на писмена согласност од министерот за финансии се укинале и со оглед дека повеќе не се дел од правниот поредок се подразбира дека Централната единица за хармонизација на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии која постапува во име на министерот за финансии не може да биде надлежна за изготвување одобрение за прераспоредување или отпуштања на внатрешните ревизори од член 33 став (2) од истиот закон, со денот кога Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12/2011) почнала да произведува правно дејство, односно од денот на објавувањето на истата во „Службен весник на Република Македонија“ (3.2.2011 година).

Исто така, со Решението се оспорува член 30 став (1) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со аргумент дека Агенцијата за државни службеници престанала да постои со престанокот на важење на Законот за државни службеници со денот на започнувањето со примената на Законот за административни службеници, а во Законот за административни службеници не било утврдено дека Агеницијата за државни службеници продолжува со своето работење и постоење по името „Агенција за државни службеници“.

Согласно горенаведеното, неспорно е дека со отпочнување на примената на Законот за административни службеници, престанал да важи Законот за државните службеници, меѓутоа Агенцијата за државни службеници, согласно член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен всник на Република Македонија“, бр.167/2010) со отпочнувањето на примената на истиот (1.1.2011 година) продолжила да работи како Агенција за администрација и вработените во Агенцијата за државни службеници кои ги вршеле работите кои согласно со овој закон се пренесуваат во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација, како и опремата, документацијата и другите средства кои се однесуваат на вршењето на овие работи се преземаат во Министерството за информатичко општество и администрација. Така што, поради тоа во Законот за административни службеници, не е утврдено дека Агенцијата за државни службеници продолжува со своето работење и постоење, односно Агенцијата за државни службеници продолжува да работи како Агенција за администрација уште пред донесувањето и влегувањето во сила на новиот Закон за административни службеници.

Во оваа смисла укажуваме дека посочените одредби од член 30 став (1) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во наредниот период би требало да бидат предмет на терминолошко усогласување, во смисла Агенцијата за државни службеници да биде заменета со Агенцијата за администрација која ги има истите надлежности кои ги имала Агенцијата за државни службеници.

Во вака настанатата правна ситуација, во моментот од влегување во сила на Законот за административни службеници, а кој уредува истородни прашања со Законот за државни службеници кој престанал да важи вклучувајќи го и работењето на Агенцијата за

администрација, а како поранешна Агенција за државни службеници, до нивното терминолошко усогласување, всушност во пракса во примена de facto ќе биде Агенцијата за администрација, иако de jure сеуште не е наведена истата. Поради тоа не станува збор за суштинска туку за терминолошка неусогласеност.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека одредбите од член 30 став 1 во делот „Агенција за државни службеници" и член 48 алинеја 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија", бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015) се во согласност со Уставот на Република Македонија.

**<u>Точка 36</u>**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 18.7.2017 година, ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Александар Петковски од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 129 став 1 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012) и член 11 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценца за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.13/2006) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека законските одредби од член 129 став (1) и став (3) од Законот за здравствената заштита се спорни и противуставни поради тоа што со оспорениот член од Законот за здравствената заштита „здравствените комори, а со тоа и стоматолошката се ставаат во повластена положба со организирањето и евалуацијата на предавањата преку кои се врши бодирањето, начинот на бодирањето и висината на котизацијата за добивање на бодовите, кои согласно законот претставуваат услов за обновување на лиценцата." Според подносителот на барањето, на ваков начин им се дава основа за монополска положба и поставеност над сите други правни субјекти во здравствениот сектор.

Подносителот на Иницијативата понатаму наведува дека законодавецот со член 129 ја привилегира комората и овозможува комората бодирањето да го наплатува директно преку спроведување семинари, предавања, симпозиуми ако услов за бодирање и без конкуренција да профитира, ставајќи ја во монополска положба, овозможувајќи и за кратко време да стане финансиски силен субјект, со значително високи приходи, да поседува недвижен имот.

Подносителот на Иницијативата смета дека одредбите од членот 129 став (1) и став (3) од Законот за здравствената заштита се во спротивност со темелните вредности да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот, спротивно на гарантираните човекови права и граѓански слободи и основите на економските односи. Според подносителот на Иницијативата, овие одредби се спротивни на член 55 од Уставот на Република Македонија со кој се гарантира слобода на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерка против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Исто така, според подносителот на Иницијативата директно се крши член 9 од Уставот на Република Македонија кој пропишува дека граѓаните се еднакви во слободите и правата, и дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Исто така, се крши член 32 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија кој пропишува дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност како и тоа дека секому под еднакви услови му е достапно секое работно место. Овие повреди на цитираните членови од Уставот на Република Македонија се сторени со законската одредба „Во вториот дел од став 1 на членот 129 од Законот за здравствена заштита

...се стекнал со соодветен број бодови и најмалку 60% од времето на важност на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа.“ се врши директно повластување на работниците и работодавачите во здравствените правни субјекти кои се повозрасни и им се дава можност да ги условуваат помладите здравствени работници кои не се во состојба да основаат сопствени правни субјекти - вршители на дејност, со исплата на минимални плати и други различни форми на уцена и мобинг. На ваков начин, според подносителот на Иницијативата, повозрасните здравствени работници се ставаат во привилегирана положба, помладите здравствени работници се во потчинета положба на повозрасните колеги сопственици на правни субјекти кои вршат здравствена дејност, а што како директна последица ја има огромната евазија на млади здравствени работници надвор од границите на Република Македонија.

* * *

Според членот 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор, а според членот 39 од Уставот, на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Оттука произлегува дека правото на здравствена заштита како дел од социјалното осигурување во поширока смисла се уредува со закон и со колективен договор и дека законодавецот има право да создава нормативни претпоставки за остварување на уставно гарантираното право на граѓаните на здравствена заштита.

Област на здравствената заштита е високорегулирана што сведочи за нејзиното значење како дејност од јавен интерес.

Тргнувајќи од чувствителноста на дејноста што ја извршуваат здравствените работници, а во функција на заштита на здравјето и животот на граѓаните, Законот за здравствената заштита утврдува дека Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора врши издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценца на здравствени работници.

Со уредувањето на прашањата околу издавањето, обновувањето, продолжувањето и одземањето на лиценца на здравствени работници, законодавецот воспоставил норми за контрола на здравствените работници како вршители на самостојна дејност при укажувањето на здравствените услуги, со цел да се унапреди квалитетот на здравствената заштита на пациентите, заштитата на пациентите од здравствените работници кои лошо ја извршуваат својата должност, но, исто така, и за стимулирање на здравствените работници кои покажуваат висок степен на квалитет во својата работа.

Според членот 15 точка 18 од Законот за здравствената заштита „лиценца за работа“ е јавна исправа која ја докажува стручната обученост на здравствениот работник за вршење на здравствени услуги.

Според член 115 став 1 од Законот, здравствените работници со високо образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата (во натамошниот текст: здравствени работници со високо образование) можат самостојно да вршат здравствени услуги со завршување на пробната работа, положување на стручниот испит и добивање лиценца за работа.

Согласно член 123 став 1 од истиот закон, издавањето, обновувањето, продолжувањето и одземањето лиценца за работа на здравствените работници со високо образование го вршат Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора заради утврдување на стручната

оспособеност на здравствените работници за самостојна работа. Според ставот 2 на истиот член, лиценцата за работа се издава за период од седум години.

Според член 261 став (1) од Законот за здравствената заштита „Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора издаваат, обновуваат, продолжуваат и одземаат лиценца за работа, водат регистар на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци и вршат стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници“ како јавни овластувања и должности.

Со член 262 став (1) од Законот за здравствената заштита е пропишано дека комората може да добие јавно овластување за извршување на сите или некои од следниве задачи:
- издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценца на здравствени работници,
- водење на регистар на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци и
- донесување општи акти согласно со закон, а со согласност на министерот за здравство.

Согласно член 262 став (2) и став (3) од Законот за здравствената заштита, секое јавно овластување се доделува на коморите за период од пет години, а јавното овластување го доделува министерот за здравство со решение доколку комората ги исполнува условите од член 263 став (1) од истиот Закон. Ако се утврди дека комората престанала да ги исполнува, односно не ги исполнува условите од претходно цитираниот член 263 став (1), министерот за здравство согласно член 264 став (1) од Законот за здравствената заштита со решение го одзема јавното овластување на комората по службена должност. Согласно член 264 став (1) од Законот за здравствената заштита, министерот за здравство со решение го одзема јавното овластување на комората по службена должност и во случај на неправилно, незаконско и ненавремено извршување на задачите во рамките на јавното овластување; давање на невистинити изјави, податоци или документи во постапката за добивање на јавното овластување или при проверката на исполнувањето на условите за добивање на јавното овластување и во случај кога не ги отстрани констатираните недостатоци и неправилности по вршењето на надзорот од членот 265 став (1) од Законот за здравствената заштита во рокот определен за нивно отстранување.

Имено, согласно член 265 став (1) од Законот за здравствената заштита Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат вршат надзор над законитоста на работата на коморите во вршењето на јавното овластување.

Исто така, согласно став (3) од истиот член, Министерството за здравство и Државниот завод за ревизија вршат ревизија на материјално - финансиското работење на коморите.

Според член 129 став (1) од Законот за здравствената заштита, насловен „Обновување на лиценцата“, на здравствен работник со високо образование може да му се обнови лиценцата за работа ако во периодот на важноста на лиценцата со континуирано стручно усовршување, преку следење на новините во медицината, стоматологијата, односно фармацијата и унапредување на сопственото знаење, се стекнал со соодветен број бодови и најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа.

Со став (3) од член 129 од Законот за здравствената заштита е уредено дека „Облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите од ставот (1) на овој член ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство“.

Различни форми на стручно усовршување на здравствените работници согласно член 266 став (2) од Законот за здравствената заштита, организираат и стручните здруженија, односно Македонското лекарско друштво, Македонско стоматолошко друштво, Македонско фармацевтско друштво и други лекарски, стоматолошки и фармацевтски друштва, преку стручните здруженија и преку други стручни здруженија.

Со член 15 став 1 точка 16 од Законот за здравствената заштита, со кој се определува значењето на одделните поими употребени во Законот, е дефинирано дека „комора“ е здружение на здравствени работници што се основа согласно со овој закон, во кое здравствените работници се здружуваат заради остварување и застапување на заеднички интереси од одделна професија, а според член 250 став (1) од Законот за здравствената заштита комората се формира, односно докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти се здружуваат во Лекарска, Стоматолошка, односно Фармацевтска комора на Македонија „заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, заштитата на интересите на својата професија, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните“. Заради остварување на целите заради кои е формирана комората, како и заради вршење на доделените јавни овластувања, со член 260 од Законот за здравствена заштита се пропишани изворите на финансиските средства за работа на Комората, а тоа се членарина, плаќања за услугите кои ги врши комората, донации и други извори. Со истиот член е утврдено дека Комората гарантира за своите обврски со целиот свој имот. Оттука, комората е „непрофитна“ форма на здружување, во смисла на тоа дека не е основана за да остварува профит заради стекнување на приватна добивка и негова дистрибуција на основачите и членовите, туку е основана заради остварување на друга цел, односно мисија и нејзината примарна цел е опишана погоре, а утврдена во член 250 став (1) од Законот за здравствена заштита. За остварување на таа примарна цел потребни се финансиски средства за работа, како што е наведено погоре во текстот. Непрофитните организации исто така мора да работат без долгови со позитивно салдо, ефикасно и ефективно како и секој друг деловен субјект, како би опстанале и продолжиле со остварување на својата примарна цел бидејќи во спротивно би престанале да постојат. Во функција за признавање на потребата коморите да располагаат со финансиски средства за работа е и член 263 став (1) од Законот за здравствената заштита, според кој јавно овластување на комората може да се додели ако ги исполнува следниве услови, меѓу останатите, да има вработено доволен број работници кои согласно со прописите се овластени за водење на управна постапка и други стручни задачи, да има на располагање соодветна опрема за извршување на задачите од јавното овластување со која ќе обезбеди и достапност до податоците и евиденциите и против неа не е покрената стечајна постапка, постапка на присилно порамнување или ликвидација. Коморите мора да ги исполнуваат овие услови во текот на целото времетраење на јавното овластување, како што е наведено во став (2) од истиот член.

Од анализата на наведените законски одредби произлегува дека Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со решение донесено од министерот за здравство, со важност за период од пет години, може да добие да врши едно или повеќе од јавните овластувања утврдени со член 262 став (1) од Законот за здравствената заштита (меѓу кои издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценца на здравствени работници) доколку се утврди дека комората ги исполнува условите од член 263 став (1) од истиот Закон. Јавното овластување може да биде одземено по службена должност со решение на министерот за здравство во случај на давање на невистинити изјави, податоци или документи во постапката за добивање на јавното овластување или при проверката на исполнувањето на условите за добивање на јавното овластување. Надзор над законитоста на работата на коморите во вршењето на јавното овластување вршат Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен

инспекторат. Коморите имаат јавно овластување и за донесување на општи акти согласно со закон, со согласност на министерот за здравство. Оттука. јавно овластување претставува законската обврска за донесување на општ акт пропишана со член 129 став (3) од Законот за здравствената заштита, според кој коморите ги утврдуваат облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите.

На овој начин, делегирани се јавните овластувања на државата преку коморите кај здравствените работници (докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти). Но, бидејќи задачите кои се даваат како јавни овластувања се изворно обврски на државата, законодавецот предвидел услови што треба да се исполнат за јавното овластување да биде доделено, потоа предвидел постапка за донесување на решение за доделување на јавно овластување, утврдил случаи на одземање на јавното овластување и пропишал надзор над законитоста на работата на коморите во вршењето на јавното овластување. Оттука, не може да стане збор за монополска положба на коморите и нивна поставеност над сите други правни субјекти во здравствениот сектор.

Во однос на тврдењето дека „здравствените комори, а со тоа и стоматолошката се ставаат во повластена положба со организирањето и евалуацијата на предавањата преку кои се врши бодирањето, начинот на бодирањето и висината на котизацијата за добивање на бодовите...", дека законодавецот со член 129 ја привилегира комората и овозможува комората бодирањето да го наплатува директно преку спроведување семинари, предавања, симпозиуми како услов за бодирање и без конкуренција да профитира, ставајќи ја во монополска положба, овозможувајќи и за кратко време да стане финансиски силен субјект, со значително високи приходи, да поседува недвижен имот...". треба да се предочи најнапред дека Законот за здравствената заштита дава законско овластување за донесување на подзаконски акт, односно правилник со следниот предмет на уредување: облици на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодови, како и дека Законот пропишува дека во постапката на изготвување и донесување на предметниот подзаконски акт учествуваат коморите и министерот за здравство. Коморите преку изготвување на предлог подзаконски општ акт во консултација со своите членови и утврдување на предлог подзаконски акт, а подоцна и усвојување на конечниот подзаконски пропис од страна на надлежните органи на Комората, а министерот за здравство преку давање предлози за подобрување на предложениот предлог подзаконски акт и давање на согласност на конечниот подзаконски пропис. Оттука, заедно државата, преку надлежниот министер и здравствените работници, преку својата комора, со донесување на општ акт (како акт кој содржи општи правни норми/општи правни правила и услови за нивната примена) ги утврдуваат облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодови. Врз основа на овој општ акт (во конкретниот случај подзаконски акт донесен како правилник), коморите постапуваат по поединечните барања и во конкретни предмети ги применуваат претходно заеднички утврдените општи правни норми/општи правни правила. Од цитираните законски одредби не произлегува дека коморите ги организираат и евалуираат предавањата, ниту дека ја утврдуваат висината на котизацијата за добивање на бодовите, ниту дека „комората бодирањето го наплатува директно преку спроведување семинари, предавања, симпозиуми како услов за бодирање", како што тврди подносителот на Иницијативата. Како што беше претходно наведено, комората преку донесување на општ акт учествува во утврдување на облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и утврдување на бодовите,

односно вреднувањето на облиците по пат на бодување. Потоа, комората по добивање на конкретно барање од организатор на облиците на континуирано стручно усовршување, утврдува дали во конкретниот случај се исполнети условите утврдени во подзаконскиот општ акт (т.н. акредитација, односно издаваат одобрение и категоризација на обликот на стручно усовршување). Но Комората нема овластување да организира, ниту да спроведува било каков облик на континуирано стручно усовршување, ниту да утврдува или наплатува надоместоци (т.н. котизација) за организација, односно спроведување на обука. Такво законско овластување, утврдено со член 260 став (2) од Законот за здравствената заштита, имаат стручните здруженија во Република Македонија кои се јавуваат во улога на организатори на сите облици на континуирано стручно усовршување. Согласно општиот подзаконски акт, обука во странство е исто така облик на континуирано стручно усовршување за кој се добиваат бодови потребни за обновување на лиценцата за работа. Секој здравствен работник избира во кои облици на континуирано стручно усовршување ќе учествува за да го добие потребниот број бодови на годишно ниво, односно за периодот на важност на лиценцата. Во овој контекст, со членот 3 од Правилникот е утврдено дека „континуираното стручно усовршување се заснова на начелата на континуираност на едукацијата, еднаков пристап до сите облици на континуирано стручно усовршување, слободен избор на облиците на континуирано стручно усовршување што се категоризирани и вреднувани со бодовен систем од Стоматолошката комора на Македонија.“

* * *

Стоматолошката комора на Република Македонија со дадена писмена согласност од министерот за здравство на 28.4.2017 година, со архивски број 17-1999/1.2—6 ги донесе следните општи акти согласно јавното овластување дадено со Законот за здравствената заштита, сите објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2017 и тоа:

- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници од обласа на стоматологијата,
- Правилник за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од обласа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката,
- Правилник за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од обласа на стоматологијата,
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од обласа на стоматологијата,
- Правилник за поблиски критериуми што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробна работа на здравствени работници со високо образование од обласа на стоматологијата,
- Правилник за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од обласа на стоматологијата.

Со денот на влегувањето во сила на Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници од обласа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2017), престана да важи Правилникот за начинот на издавање, продол- жување, обновување и одземање на лиценца за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006), па со тоа престана да важи и одредбата од член 11 според

кој „докторот на стоматологија по навршување на 55 годишна возраст не поднесува барање за обновување на лиценцата за работа се до исполнување на законските услови за одење во пензија“ која е оспорена од подносителот на иницијативата.

* * *

Поради наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не донесе решение за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 129 став (1) и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016) и член 11 од Правилникот за начинот на издавање, продол- жување, обновување и одземање на лиценца за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006), односно да ја отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на цитираните членови од Законот за здравствената заштита и Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценца за работа на здравствени работници со завршено високо образование од областа на стоматологијата.

Тргнувајќи од наведеното, Владата на Република Македонија му укажува на Уставниот суд на Република Македонија дека не се исполнети условите за прифаќање на барањето, т.е. „посебниот предлог“ во Иницијативата и до донесување на конечна одлука му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорените законски одредби и делови.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на дел од градежно земјиште запишано во Имотен лист бр.1274 за КО Злокуќани, КП 458, во место викано Село и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот- градежно земјиште, запишано во Имотен лист бр.93722 за КО Чаир, КП 1304, м.в. Чаир и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ристо Самарџиев за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.17613 и Имотен лист бр.316 за КО Кавадарци 2 на КП 11508 и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иво Серафимоски од Тетово за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.8201 за КО Тетово 1 на КП 2533, место викано Јане Сандански и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр. 958703 за КО Чаир на КП 4570/2 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр. 1023 за КО Г и Д Оризари на КП 326 викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.1122 за КО Волково, КП 2456/1 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисаровски од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.4800 за КО Бутел, КП 1119/1 и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 45**

Владата го разгледа Заклучокот од извршител Биљана Мартиновска за усна јавна продажба на недвижност со И.бр.123/17 од 4.5.2017 година со Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање со И.бр.123/17 од 26.5.2017 година и по истите го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

Воедно, Владата го разгледа Заклучокот од извршител Биљана Мартиновска за усна јавна продажба на недвижност со И.бр.123/17 од 6.7.2017 година и по истиот го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов за втора усна јавна продажба И бр.168/15 и по истото го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Муамет Шеху за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.955 за КО Ракотинци на КП 1952, место викано Стара Река и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.10755 за КО Караорман на КП 1201/2 и по Понудата, го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Манев од Делчево за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.942 за КО Разловци, КП бр.6951, место викано Рогатица и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.5718 за КО Злокуќани, 500/5495 идеален дел од КП бр.506, место викано Бучало и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр. 51637 за КО Кисела Вода 2, КП 1565, доставена од нотар Лазар Козаровски од Скопје и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.2669 за КО Гостивар 1 на КП 2316 5, доставена од нотар Прпарим Реџепи од Гостивар и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.10643, КП 1215/6 и Имотен лист бр.10644 за КО Илинден, КП 1215/7 викано место/улица Ограда и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр. 3485 за КО Илинден на КП 1551 викано место/улица Трница, доставена од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска за продажба на недвижен имот, под Имотен лист бр.407 за КО Берово на КП 1824 викано место Керамидарка и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Слободанка Балгурова за Заклучок за усна јавна продажба под И бр.118/13 и по Известувањето ги усвои мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, Владата го разгледа Известувањето од извршител Слободанка Балгурова за Заклучок за втората усна јавна продажба под И бр.118/13 и по Известувањето ги усвои

мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 57**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Игор Ромевски за налог за извршување на недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) И.бр.51/17 и по Известувањето го усвои мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

**1.** Владата на Александар Ѓорѓиев разрешен од должноста портпарол на Владата на Република Македонија, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 27.6.2017 година до 27.6.2018 година.

**2.** Владата на Филип Петровски разрешен од должноста директор на Државниот архив на Ренублика Македонија, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 27.6.2017 година до 27.6.2018 година.

**Точка 59**

**1.** По повод одбележувањето и прославата на Националниот празник 2 август – Ден на Републиката (Илинден) 2017 година, Владата заклучи:

1) Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден во Скопје ќе ја предводи и ќе се обрати претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

2) Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден во Крушево ќе ја предводи и ќе се обрати претседателот на Собранието на Република Македонија, м-р Талат Џафери.

Делегацијата на Владата која ќе присуствува на ова одбележување да биде во следниот состав: заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески и министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми.

3) Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден во Пелинце ќе ја предводи и ќе се обрати Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов.

Делегацијата на Владата која ќе присуствува на ова одбележување да биде во следниот состав: заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски и министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски.

4) Координацијата на прославите на Националниот празник Илинден 2017 година да ги преземат генералните секретари на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

5) Се укажува на Собранието на Република Македонија, да ги покрие трошоците за обезбедувањето на неопходната опрема за одбележувањето на Националниот празник Илинден

во Скопје, односно да обезбеди озвучување и говорница, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со гајтани), цветен аранжман, црвена патека и знамиња.

6) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за обезбедување на неопходната опрема за одбележувањето на Националниот празник Илинден во Крушево, односно да обезбеди озвучување и говорница, бина, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со гајтани), цветен аранжман, црвена патека и знамиња.

7) Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, да ги покрие трошоците за обезбедување на неопходната опрема за одбележувањето на Националниот празник Илинден во Пелинце односно да обезбеди озвучување и говорница, бина, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со гајтани), цветен аранжман, црвена патека и знамиња.

8) Се задолжуваат Службите за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, да се усогласат во врска со сценаријата за одбележувањето и прославата на Националниот празник Илинден 2017 година и во рок до 7 дена да го известат Организациониот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2017 година.

9) Се задолжува Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија, на 2.8.2017 година да врши директен пренос од одбележувањето на Националниот празник Илинден од трите локации и тоа 8 часот од Скопје, 11 часот од Пелинце и 12 часот од Крушево.

10) Се задолжува Министерството за одбрана, да обезбеди присуство на доволен број на гардисти на локациите каде што ќе се одбележува Националниот празник Илинден согласно барањата на кабинетите.

11) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да набави венци за потребите на делегациите за одбележувањето на Националниот празник Илинден.

12) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на контејнери на локациите Пелинце и Крушево.

13) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на мобилни тоалети во Крушево и Пелинце.

14) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбеди минибуси за превоз на делегациите (дипломатскиот кор) за положување цвеќе на локациите на Пелинце и Крушево.

15) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбеди 150 столици за прославата во Крушево и 120 столици за прославата во Пелинце.

16) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбеди две тенди за прославата во Пелинце, додека Генералштабот на Армијата на Република Македонија да обезбеди четири големи тенди за прославата во Крушево.

17) Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП Македонијапат – Скопје, да извршат расчистување и санација на делницата од магистралниот пат до меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп – Крушево (особено на влезот на градот Крушево, кај бензинската станица на Макпетрол) и да обезбеди хоризонтална сигнализација.

Во рок од една недела Министерството за транспорт и врски, за истото да ја информира Владата.

18) Се задолжува Министерството за здравство, од општините Прилеп и Демир Хисар да обезбеди по едно медицинско возило и дежурен медицински тим на 1-ви и 2-ри август за прославата во Крушево.

Исто така, да се обезбеди по едно медицинско возило и дежурен медицински тим и на останатите две локации во Скопје и Пелинце за одбележувањето на Националниот празник Илинден.

19) Се укажува на Град Скопје и Општина Куманово, да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува Националниот празник Илинден.

Исто така, се укажува на Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1 - ви и 2 – ри август во Крушево.

20) Се укажува на Општина Прилеп, да обезбеди едно теренско возило за прославата во Крушево.

21) Се задолжува ЈП Македонски шуми – Скопје, да обезбеди 100 дрвени столбчиња за означување на патеката до Мечкин камин.

22) Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП Македонија пат – Скопје, да го расчисти просторот околу музејот во Пелинце.

23) Се укажува на Град Скопје, да ги уреди споменициte и просторот околу нив, каде ќе се положува цвеќе за прослава на празникот Илинден во Скопје.

24) Се задолжува Службата за односи со јавност на Владата, да подготви лого по повод прославата и во најкус можен рок за тоа да го информираат Организациониот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2017 година.

25) Се задолжува Министерството за култура, во рок од три дена до Одборот за прослава на Националниот празник Илинден 2017 година да достави предлози за културно уметничка програма за трите настани која што ќе биде организирана по повод Националниот празник.

26) Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски, да оствари комуникација со Одборот за одбележување 10 дена Крушевска Република во врска со престојниот празник и за добиените сознанија да го информира Одборот за прослава на Националниот празник Илинден 2017 година.

27) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување и прославата на Националниот празник Илинден 2017 година.

Истовремено, Владата заклучи во делегациите по повод прославата на Националниот празник Илинден 2017 година, дополнително да се вклучат и останатите членови на Владата.

**2.** Владата во врска со барањето од Црна Гора за помош за гаснење на пожарите кои се на територијата на Црна Гора, преку НАТО евроатланскиот координативен центар за одговор на катастрофи (EADRCC) заклучи да се одржи седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи.

**3.** Владата на предлог на Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија заклучи наредната редовна седница на Владата да се одржи на 25.7.2017 година (вторник), со почеток во 17,00 часот и на истата да се разгледува и Договорот меѓу Република Македонија и Република Бугарија за пријателство, добрососедство и соработка.

**4.** Владата на предлог на д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции заклучи во иднина при вработувањето во државните агенции во Република Македонија да се има предвид начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 3.7.2017 година до 10.7.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2016 година, со Збирен извештај за финансиско работење на извршителите во текот на 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за дивата депонија во Струга, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес за реализација на проектот „Консолидација на земјоделското земјиште“ за вториот квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото“, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за настанат климатски неповолен настан – пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и град и причинети штети на земјоделски култури на 15 јули 2017 година во Радовишко-струмичкиот регион (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да формира комисии кои по поднесените барања за утврдување на настаната загуба односно штета, од страна на носителите на земјоделски стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, веднаш да извршат увид на лице место за настанатата загуба, односно штета од климатскиот неповолен настан и да состават записници за извршениот увид.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, веднаш да ги информира носителите на земјоделските стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, во периодот од 18.7.2017 година до 30.7.2017 година да ги поднесат барањата за утврдување на настанатата загуба односно штета до подрачните единици при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА<br>НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА<br>НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |